ФОТО СОЈУЗ НА МАКЕДОНИЈА - PHOTO ASSOCIATION OF MACEDONIA
Gradski zid Blok 5, P.O.B 14; MK - 1000 Skopje, R. Macedonia; tel: +389 2 311 83 39, fax: +389 2 323 82 57
web: www.fotosojuz.mk; mail: fotosojuz.mk@gmail.com

# Јубилејно 50-то издание на
# ДЕНОВИ НА МАКЕДОНСКАТА ФОТОГРАФИЈА 2012

Денови на македонската фотографија го претставуваат пресекот на македонското фотографско творештво во тековната година  и е најстара фотографска манифестација во државава. Оваа година ќе се одржат по 50$^{ти}$ пат.

ФСМ ќе организира и изложба на фотографии на доајенот на македонската фотографија Благоја Дрнков, МФФСМ.

Организатор на изложбата и на фото работилница е Фото сојузот на Македонија.

Приредувач на **Денови на македонската фотографија 2012** е град Кочани.
Отварање на изложба е 16.06.2012 во 20ч, во Домот на култура.

## П Р О П О З И Ц И И

1. **Тема:** Темата на изложбата е **слободна.**

2. **Трудови:** На изложбата ќе се примат црно-бели и колор фотографии, **најмногу 6 фотографии по автор**.

3. **Димензии:** На изложбата **нема** да се примат фотографии помали од 20x30 cm, ниту пак фотографии поголеми од 30x45 cm. Фотографиите можат да бидат залепени на паспарту не поголемо од димензијата на стандардните рамки на Фото сојузот – 40x50 cm.

4. **Идентификација:** На задниот дел од секоја фотографија треба да се назначат податоците според Правилникот за изложби на ФСМ: име и презиме на авторот, наслов, фото клуб, адреса и звање во ФСМ, доколку авторот го има.

5. **Учество:** Право на учество на изложбата имаат сите граѓани на Република Македонија, членови на клубовите и фото групите при Фото сојузот на Македонија, самостојни автори членови на Фото сојузот, како и сите други фотографи.

6. **Котизација:** Членовите на Фото сојузот не плаќаат котизација, а сите останати автори заедно со своите дела треба да приложат 200 ден. За членови на Фото сојузот на Македонија се сметаат сите автори кои платиле годишна членарина во Фото сојуз за 2012 г. Упатство за уплаќање може да најдете на веб страницата на ФСМ (www.fotosojuz.mk),  (Сите останати автори со своите фотографии треба да приложат 200 ден., или да уплатат 200 ден. на **жиро сметка: 300000000300833, Комерцијална банка,** со цел на дознака **Денови на македонската фотографија**. Во пакетот со фотографии **уплатницата мора да се приложи**, во спротивно фотографиите нема да бидат примени.

7. **Жири:**
   - Цветан Гавровски (МФ ФСМ)
   - Душан Доцевски (КМФ ФСМ)
   - Владимир Секуловски (Ф1 ФСМ)

8. **Награди:**
   - Прва, втора и трета награда за колекција на фотографии;
   - Прва, втора и трета награда за поединечна фотографија;
   - Три дипломи за колекција на фотографии и
   - Три дипломи за поединечна фотографија

9. **Календар:**
   - Краен рок за прием: 17.05.2012
   - Жирирање: 19.05.2012
   - Резултати (www.fotosojuz.mk) 29.05.2012
   - Отворање на изложбата: 16.06.2012
   - Враќање на фотографиите: 30.06.2012

10. **Адреса:** Делата со пополнета пријава, како и уплата за котизација со назив ЗА ДЕНОВИ НА МАКЕДОНСКАТА ФОТОГРАФИЈА 2012, да бидат доставени на адреса: **Градски ѕид, Блок 5, Поштенски фах 14, 1000 Скопје.**

11. **Забелешка:** Фотографиите кои учествувале на претходните ДЕНОВИ НА МАКЕДОНСКА ФОТОГРАФИЈА нема да бидат жирирани. Авторите гарантираат за авторството на користениот материјал. Секоја злоупотреба на авторски права е на лична одговорност на авторот.

    Фотографиите испратени на ДЕНОВИ НА МАКЕДОНСКА ФОТОГРАФИЈА 2012 остануваат во авторска сопственост на авторите. Организаторот (ФСМ) понатаму може да ги користи за промотивни цели (информирање на јавноста, интернет презентации, медиумско покривање на настанот, за најава за ДМФ 2013 и слично) од кои нема да има директна финансиска добит, без при тоа да бара одобрување од авторите. Доколку ги користи за други цели, организаторот е должен да побара писмена согласност од авторите.

    Еднаш испратените дела, евентуално можат да се повлечат пред истекувањето на рокот за прием на фотографии, по истекувањето на тој рок испраќањето е неотповикливо.

    Со чинот на испраќање на делата секој автор/авторка искажува согласност со наведените услови и сноси морална и материјална одговорност за поднесените дела.

12. Одлуката на жирито е конечна.

13. **Контакт:** Дарко Петровски, 078 478 476, darko@nova.edu.mk, fotosojuz.mk@gmail.com

ФОТО СОЈУЗ НА МАКЕДОНИЈА - PHOTO ASSOCIATION OF MACEDONIA
Gradski zid Blok 5, P.O.B 14; MK - 1000 Skopje, R. Macedonia; tel: +389 2 311 83 39, fax: +389 2 323 82 57
web: www.fotosojuz.mk; mail: fotosojuz.mk@gmail.com

# ДЕНОВИ НА МАКЕДОНСКАТА ФОТОГРАФИЈА 2012

## П р и ј а в а

### ПОДАТОЦИ ЗА АВТОРОТ

| | |
|---|---|
| Име | |
| Презиме | |
| Звања во ФСМ | |
| Адреса | |
| Град | |
| e-mail, WEB | |

### ПОДАТОЦИ ЗА ФОТО КЛУБОТ

| | |
|---|---|
| Име | |
| Адреса | |
| Град | |
| e-mail, WEB | |

### ИМИЊА НА ФОТОГРАФИИ

| | |
|---|---|
| 1. | |
| 2. | |
| 3. | |
| 4. | |
| 5. | |
| 6. | |

Со својот потпис авторот гарантира дека приложените податоци се точни и дека се согласува со пропозициите на Изложбата.

Потпис на авторот:

ФОТО СОЈУЗ НА МАКЕДОНИЈА - PHOTO ASSOCIATION OF MACEDONIA
Gradski zid Blok 5, P.O.B 14; MK - 1000 Skopje, R. Macedonia; tel: +389 2 311 83 39, fax: +389 2 323 82 57
web: www.fotosojuz.mk; mail: fotosojuz.mk@gmail.com

Испраќач:

______________________________________________________________

______________________________________________________________

______________________________________________________________

_______________________________________________

- - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - -

Прима:

ДЕНОВИ НА МАКЕДОНСКАТА ФОТОГРАФИЈА 2012

**ФОТО СОЈУЗ НА МАКЕДОНИЈА**

**Градски ѕид, Блок 5,**

**Поштенски фах 14,**

**1000 Скопје**

- - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - -

ФОТОГРАФИИ ЗА ИЗЛОЖБА

БЕЗ КОМЕРЦИЈАЛНА ВРЕДНОСТ

НЕ ПРЕВИТКУВАЈТЕ